ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828A

# Приватниот научен институт ИЕГЕ има потреба за ангажман на истражувач во областа на општествени науки.

## За ИЕГЕ

Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика – ИЕГЕ е мултидисциплинарен институт кој посветено работи адресирајќи различни аспекти во областа на одржливост, преку апликативни истражувања, едукација и проекти. Овозможување соработка и партнерствата помеѓу едукативни и бизнис организации се во сржта на работата на ИЕГЕ, поттикнувајќи креирање на одржливи системи и бизнис трансформација. ИЕГЕ има мотивирачка организациска култура, каде се негува тимска работа. Вработените имаат можност за професионален и кариерен развој, преку менторирање, обука на работно место и споделување на знаење од поискусните колеги.

## Опис на позицијата

Позицијата Истражувач е на полно работно време, во период од една година, со можност за продолжување.

Работни активности:

- Спроведување на истражувачки активности во тековните проекти на ИЕГЕ,
- Развој и имплементација на научно-истражувачки проекти (од идеја до иновација) во соработка со професори и истражувачи од различни дисциплини,
- Подготвување на анализи, извештаи, трудови како резултат на спроведените истражувања,
- Учество во применети истражувања во тесна соработка со бизнис партнери,
- Подготовка на материјали за учење и работа со платформи за учење,
- Спроведување проектни активности во координација со проектниот координатор,
- Подготовка и спроведување на работилници и настани,

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

- Учество на обуки и конференции во и надвор од земјата,
- Учество на европски проекти за едукација и истражување,
- Соработка и комуникација со разни организации од цела Европа - проектни партнери, соработници и учесници во проектите,
- Други задачи поврзани со тековните активности во ИЕГЕ.

**Потребни квалификации**

Квалификации и работно искуство:

- Завршени постдипломски студии од областа на општествените науки (економски, организациски науки, или друга релевантна област).
- Најмалку 3 години релевантно работно искуство. Поретходно искуство како истражувач и работа на проекти финансирани од меѓународни и домашни донатори се смета за предност.
- Солидно познавање на областа на одржливост ќе се смета за предност.
- Напредно познавање на MS Office и користење на други дигитални алатки (Zoom, Canva, SPSS и др.).
- Познавање на методологија на истражување и примена на статистички методи.
- Одлично познавање англиски јазик. Познавање на друг странски јазик ќе се смета за предност.
- Високо развиени вештини за пишување на текстови.
- Претходно искуство на работа на европски проекти ќе се смета за предност.

Компетенции:

- Способност за организација и висока работна етика
- Претприемнички дух и интелектуална љубопитност за истражување и креативност
- Одлични меѓучовечки и комуникациски вештини
- Аналитички вештини и познавање на административно работење
- Способност за работа на повеќе проекти во динамична работна средина
- Интерперсонални вештини и способност за тимска работа

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

**Документи за пријавување**

- CV кое содржи информации за работно искуство (работна позиција, опис на работни активности, работодавач и датуми), формално и неформално образование, објавени публикации и компјутерски вештини.
- Пропратно писмо: во кое ќе изразите зошто сте заинтересирани за оваа позиција и како Вашите квалификации одговараат на позицијата, преку директно поврзување на Вашето досегашно работно искуство и/или образование со квалификациите кои се бараат според овој оглас.

**Начин на селекција**

По истек на рокот за аплицирање, комисијата за селекција ќе изврши проверка на апликациите при што предселектираните кандидати ќе бидат повикани на интервју. По завршување на процесот на селекција сите кандидати ќе бидат известени за исходот.

Аплицирајте на info@iege.edu.mk со наслов Пријава на оглас за истражувач.

Рокот за пријавување е 15 април 2024 година.